**Поддржувачи на настанот:**

**Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**

**GOLDBRICKS®**

*Hotel Premier*

**MacBee**

*Apis mellifera macedonica*

**ЗГ „Македонска пчела“ - Негорци**
**Македонско здружение за заштита на автохтоната македонска медоносна пчела (*Apis mellifera macedonica*)**

**ул. Ѓорѓе Велков бр. 30, с.Негорци, Гевгелија**
**www.macbee.mk**
**www.facebook.com/macbee.org**

**macbee.pcelarskiden@gmail.com**

ОДГЛЕДУВАМ МАКЕДОНИКА,
ОДГЛЕДУВАМ НАШЕ!

**Кампања за подигање на јавната свест за значењето и предностите од одгледување на автохтоната македонска медоносна пчела (*Apis mellifera macedonica*)**

**MacBee**

*Apis mellifera macedonica*



# ПЧЕЛАРСКИ ДЕН - ЗНАЕЊЕ И ДРУЖЕЊЕ - VII издание -

**18 февруари 2023 година,**
**Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**



**Почитувани,**

**Македонското здружение за заштита на автохтоната македонска медоносна пчела (*Apis mellifera macedonica*) – MacBee, со задоволство Ви го најавува традиционалниот настан „Пчеларски ден - знаење и дружење“. Настанот ќе понуди повеќечасовна програма која вклучува презентаци од информативен и едукативен карактер.**

**MacBee по седми пат ја организира манифестацијата „Пчеларски ден - знаење и дружење“, каде на едно место се собрани ценети домашни и странски научни експерти од областа на пчеларството, професионални пчелари и пчелари ентузијасти и вљубеници во пчеларството. После долгиот период на одржување и организирање на он-лајн настани, оваа манифестација, претставува одлична можност „во живо“ и „лице в лице“ да го надградите вашето знаење околу пчеларството, да се информирате за активностите на нашето здружение, како и да се дружите и размените искуства и контакти со домашни и странски пчелари.**

**Затоа, со особена чест Ве покануваме да бидете дел од ова едукативно пчеларско дружење и со Вашето присуство да дадете значаен придонес кон подигнувањето на квалитетот на овој настан.**

**Со почит,**

**Организационен Одбор на „Пчеларски ден - знаење и дружење“**

**Датум:**
18 февруари 2023 година (сабота)

**Локација:**
Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
Бул. Александар Македонски б.б.,
нас. Автокоманда , 1000 Скопје
(Амфитеатар број 35)

**Регистрација за присуство на настанот:**
Партиципацијата за учество на настанот изнесува **400 денари**. Пчеларските здруженија и организирани групи може да извршат и групна уплата за над 10 учесници по цена од **300 денари**, а после уплатата треба да достават соодветна листа на групата на **macbee.pcelarskiden@gmail.com**.
На секој учесник ќе му биде доделен сертификат за учество на настанот и подарок од компанијата Голд Брикс, спонзор на настанот. Рокот за регистрација на присуство на настанот е до **15-ти февруари 2023 година** или до пополнување на бројот на учесници кој е ограничен на 200 лица.

**Начин на регистрација:**
Преку уплата на наведената сума на жиро сметката на здружението MacBee на следниов начин:
**Примач:** Македонско здружение за заштита на македонската автохтона медоносна пчела - с. Негорци, Гевгелија
**Банка:** Шпаркасе Банка Македонија
**Жиро сметки:**
250-0010027640-92 денарска,
MK07-250-0010027640-92 девизна
**Цел на дознака:** Учество на „Пчеларски ден - знаење и дружење“





**Програма на настанот:**

| | |
|---|---|
| **8:30 - 10:00** | **Регистрација на учесниците** |
| **10:00 - 10:15** | **ПОЗДРАВЕН ГОВОР И ОТВОРАЊЕ НА НАСТАНОТ -** Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ, декан на Факултетот за земјоделски науки и храна |
| **10:15 - 10:30** | **РЕАЛИЗИРАНИ, ТЕКОВНИ И ИДНИ АКТИВНОСТИ НА MacBee,** Дипл. зем. инж. Горан Алексовски, претседател на MacBee |
| **10:30 - 11:00** | **ПРОМОЦИЈА НА Gold Apis+ ФОНДАН ЗА ПРИХРАНА НА ПЧЕЛИ,** комерцијална презентација |
| **11:00 - 11:30** | **КАФЕ ПАУЗА** |
| **11:30 - 13:30** | **НАШ НАЧИН НА ПЧЕЛАРЕЊЕ,** Др. Слободан Долашевиќ, доктор на пчеларски науки, професионален пчелар, иноватор и член на групата Golden Bee |
| **13:30 - 13:35** | **ЗАТВОРАЊЕ НА НАСТАНОТ** |